Врз основа на член 26 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, Управниот одбор на GS1 Македонија, на Втората седница одржана на 21.10. 2010 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината на пристапнината и членарината во **GS1** Македонија за 2011 година

Член 1

Висината на пристапнината и членарината во GS1 Македонија за 2011 година изнесуваат:

/во денари/

| **Категорија на членки** | **Капацитет на баркодирање /Артикли/** | **Пристапнина** | **Членарина** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Членки без GS1 број | - | 12,000 | 3,100 | **15,100** |
| Членки со GS1-13 број | 100 | 12,000 | 6,200 | **18,200** |
| | 1,000 | 12,000 | 10,850 | **22,850** |
| | 10,000 | 12,000 | 17,050 | **29,050** |
| | 100,000 | 12,000 | 23,250 | **35,250** |
| Членки со GS1-8 број | По артикал | - | 1,850 | **1,850** |

Член 2

Пристапнината се уплатува еднократно, при зачленувањето, а членарината за секоја година на членување во GS1 Македонија.

Износот на утврдената пристапнина и членарина се уплатува на жиро сметката на GS1 Македонија 200002024739774 - депонент Стопанска банка А.Д. - Скопје.

Член 3

На барање на членката за проширување на капацитетот од 100 на 1,000 баркодирани артикли и издавање на нов Единствен матичен GS1 број, членката е должна да ги подмирува обврските по основ на годишна членарина и за двата броја.

Член 4

Во сите случаи кога на барање на фирмата повторно се внесува фирмата во националниот и Меѓународниот регистар и се доделува Единствен матичен GS1 број со нов компаниски префикс, или во случај на преземање на Единствениот матичен GS1 број за баркодирање од друга фирма, дополнителната услуга за подготовка на комплетната документација изнесува 6,800 денари.

Член 5

По барање на членката како дополнителна услуга, изработка на повеќе примероци на оригинална Плакета за Акредитација изнесува 150,00 денари по примерок, а изработка на Плакета за Акредитација со рамка изнесува 650,00 денари.

Член 6

По барање на членката како дополнителна услуга, секое повторно издавање на оригинално Решение за доделениот Единствен матичен GS1 број изнесува 620,00 денари.

Член 7

Членката која, согласно член 14 и член 16 од Статутот на GS1 Македонија е исклучена од членство, доколку повторно сака да се зачлени, должна е да плати двојно повисока пристапнина (24,000 денари) и да ги подмири сите заостанати обврски по основ на неплатена членарина.

Член 8

Членката која по исклучувањето и бришењето од регистарот на членки, продолжи неовластено и без акредитација, те. нелегално да го користи доделениот Единствен матичен GS1 број, ќе биде правно и законски санкционирана, а GS1 Македонија ќе ги извести надлежните органи, големите дистрибутивни ланци и ќе објави на web сајтот на GS1 Македонија.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила од 01.01.2011 и ќе биде објавена на web сајтот на GS1 Македонија.

Претседател на Управниот одбор
на GS1 Македонија

Бр.228/5
21.10.2010 год.
С к о п ј е